


# ЗЛАТО

Златото е благороден метал и се наоѓа во одредени рудници низ светот каде што се ископува како електрум што значи мешавина од злато и сребро, и како придружен метал на бакарот. Освен во рудници се среќава и во некои речни корита каде се добива преку промивање златоносен песок.

Златото претставува еден од најстарите метали коишто човекот ги преработувал, затоа што се појавува само во облик на чист метал. Најстарите докази за користење на златото потекнуваат од Азија, од пред околу 8000 години.








Златото не се користи само како накит. На пример, тоа се користи и во медицината и електрониката. Во електрониката се користи бидејќи е добар спроводник на електрична енергија.



Порано златото имало улога на валута. Во денешно време тоа не се користи на таков начин, иако голем дел на централните банки во светот, како што е и Народната банка на Република Македонија, ги чуваат своите резерви во злато во облик на златни прачки. Луѓето по домовите најчесто го имаат златото во облик на накит. Во минатото златниот накит се правел рачно, а денес сè повеќе се изработува машински.





Вредноста на златото се мери со пари, додека тежината на златото се мери во унци, грамови и килограми. Една унца е еднаква на околу 31 грам злато или 32 унци се еднакви на еден килограм злато. Освен што се мери тежината на златото, се мери и неговата чистота во карати. Чистото злато се вели дека е 24–каратно злато, а тоа значи дека нема други примеси. Вредноста или цената на златото може да се измери и изрази во валутата американски долар, или една унца злато изнесува околу 1366 долари...